Министерство за образование и наука
Биро за развој на образованието

До
**д-р Арбер Адеми, министер**

**Министерство за образование и наука**

Сектор за истражување во образованието

ул „Руѓер Бошковиќ” 66
1000 Скопје
Република Македонија
тел. ++389 2 3064 131
факс ++389 2 3061 057
е-пошта
bro.macedonia@bro.gov.mk
www. bro.gov.mk

Предмет: Извештај од работната група за изработка на предлог модели за сеопфатно сексуално образование

Почитуван,

Бирото за развој на образованието Ви ги доставува предлог моделите за пилотирање на програмата за сеопфатно сексуално образование кои што ги изработи работната група за сеопфатно сексуално образование формирана од страна на Бирото со Решение број 02-570/1 од 13.03.2018 година.

Со почит,

**В.Д.ДИРЕКТОР**
**Зеќирија Хасипи**

Прилог: Извештај од работната група за предлог модели за сеопфатно сексуално образование

Изготвил: м-р Жанета Чонтева, советник
Одобрил: Ајше Ајрулаи, раководител на сектор

**Прилог: ИЗВЕШТАЈ од работната група на Бирото за развој на образованието**

**Предлог модел за воведување на сеопфатно сексуално образование во основните училишта**

Досега, во Република Македонија се направени неколку обиди за внесување на цели, содржини и активности од областа на сексуалното и репродуктивно здравје и права во наставата во основните и средни училишта. Ваквите обиди, кои се оценети како многу важни и корисни првични чекори, заради различни фактори, се покажаа како недоволно ефикасни. Оттаму, се наметна потребата за формирање на мултисекторска работна група од експерти, чија примарна задача е да предложи модел на имплементација на сеопфатно сексуално образование во земјата, како дел од формалниот систем во основното образование.

Врз основа на член 6 точка 1 и 2 и член 23 од Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија" бр.37/2006; 142/2008; 148/2009, 69/2013, 120/2013, 148/2013 и 41/2014), в.д. Заменик директорот на Бирото за развој на образование донесе Решение за формирање на Работна група која што има за цел да му предложи на министерот за образование и наука, модели за сеопфатно сексуално образование за основно и средно образование. Предлог моделот/ите кои што произлегуваат од работењето на оваа група, имаат за цел да го унапредат пристапот до проверени и релевантни информации од полето на сексуалното и репродуктивно здравје, во рамките на основното и средно образование[1].

Работната група ја сочинуваат претставници од: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образование, Центар за стручно образование и обука, претставници од: Институтите за психологија, за педагогија и за дефектологија при Филозофски факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски", Заводот за здравствена заштита на мајки и деца, како и наставници и стручни соработници од основни и средни училишта и претставници од граѓанскиот сектор.

Во периодот од март 2018 до ноември 2018 година, Работната група реализираше неколку средби на кои исцрпно се дискутираа можностите и ограничувањата поврзани со воведувањето на сеопфатно сексуално образование (ССО) во формалниот систем на образование во Република Македонија. Работната група се залага за

имплементација на возрасно сензитивна и сеопфатна програма од сферата на сексуалното и репродуктивното здравје и права, од предучилишна возраст, па се до крајот на средно образование и да опфати што е можно поголем број ученици.

За сега, групата своите активности ги насочи само кон обезбедување предлог модел за реализација на ССО во основното образование, иако, цврсто стои зад препораките на Светската здравствена организација (СЗО) и на UNESCO, кои укажуваат од потребата за континуитет и холистичност во реализацијата на оваа настава.

Работната група ја зема во предвид постоечката Рамка за сеопфатно сексуално образование од 2010 година и препораките на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените во Собранието на Република Македонија од 2009 и 2011 година во кои јасно се наведува потребата за воведување на сеопфатно сексуално образование во училиштата врз основа на наоди од претходно пилотирање, а истовремено се потпира на новите препораки на UNESCO за компонентите од кои треба да се состои програмата и за целите кои се очекува да бидат реализирани. Во склад со ова, беше развиена и наставна програма која ги вклучува целите, содржините, активностите, компетенциите и индикаторите за мерење на постигнатите ефекти која е сообразена со развојните можности на учениците од 9 до 15 годишна возраст[1].

Исто така, работната група дефинира насоки и дава препораки за тоа кои чекори треба да ги преземе Министерството за образование со цел успешно пилотирање и воведување на ССО во основните и средни училишта.

## СЕОПФАТНО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Според дефиницијата на UNESCO[2], сеопфатното сексуално образование претставува процес на подучување и учење за когнитивните, емоционалните, физичките и социјалните аспекти на сексуалноста, насочен кон тоа да ги опреми децата и младите луѓе со знаење, вештини, вредности и ставови кои ќе им овозможат да ги реализираат своето здравје, добросостојба и дигнитет, да им помогне да развијат социјални и сексуални врски кои се засновани на взаемна почит и кои ќе помогнат во разбирање на тоа како

[1]Постојат бројни научно засновани податоци за позитивните ефекти од учество во настава каде се сексуалноста се изучува според принципите препорачани од СЗО и UNESCO. На пример, наспроти распространета предрасуда дека учеството во програмата од ССО ги стимулира младите за рано стапување во сексуални односи, документирано е токму спротивното.
[2]https://en.unesco.org/news/why-comprehensive-sexuality-education-important

изборите што ги прават се рефлектираат врз нивната добросостојба и добросостојбата на другите. Освен тоа се очекува и овие знаења, ставови и вештини да придонесат во обезбедување и заштита на нивните права низ животот. Сеопфатното сексуално образование е мултидисциплинарно и се потпира на најнови научни сознанија, а со оглед на тоа дека става акцент на учеството на младите, на нивното оспособување со релевантни вештини и ставови, истовремено и ги зајакнува за поуспешно снаоѓање во сè покомплексната социјална реалност. Доколку е успешно спроведено, ваквото образование им помага на младите да прават информирани и одговорни избори за врските и сексуалноста, кои ги штитат од родово базирано насилство, нерамноправност, експлоатација, рани непланирани бремености, сексуално преносливи инфекции и слични ризици односно последици по нивното здравје.[3]

## ПРИСТАПИ ЗА ЕДУКАЦИЈА НА ТЕМИ ОД ОБЛАСТА НА СРЗ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Засега, формалниот систем на образование во земјата несоодветно одговара на потребата на младите луѓе за стекнување компетенции од сферата на сексуалноста, бидејќи го адресира прашањето само преку нецелосно вклучување на теми од сферата на сексуалното и репродуктивното здравје во рамки на неколку предмети во основно и средно образование. Одредени теми, како репродукција или ХИВ/СИДА, се изучуваат низ предметот биологија, но тоа не само што е оскудно, туку неретко е проследено со дезинформации и со серизоен потенцијал за креирање предрасуди. Иако сериозен исчекор во смисол на збогатување на курикулумот со содржини од сферата на сексуалноста се направи со воведувањето на програмата Образование за животни вештини, кои се издржани и квалитетни како од аспект на педагошкиот пристап така и од аспект на вклучените информации, останаа проблемите на парцијална покриеност, дисконтинуитет и пред сè, можноста младите да немаат пристап до ниту една ваква содржина во текот на образованието, заради тоа што моделот е осмислен на тој начин што изборот на теми го прават реализаторите на програмата.

[3] Младите во РМ се препуштени да бараат одговор за прашањата за сексуалноста од мошне несигурни извори - интернетот и врсничките групи. Податоците од истражувањата укажуваат на тоа дека тие не се ниту доволно, ни соодветно информирани, што се рефлектира и низ ниски оценки на индикаторите на сексуално и репродуктивно здравје кај оваа популација во земјата.

# КОМПОНЕНТИ НА ССО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Рамката за сеопфатно сексуално образование* од 2010 година[4], покрај целите, оправданоста и принципите, ги предлага и главните компоненти кои би требало да ги опфати наставната програма за сексуално образование за да се покријат сите релевантни аспекти на човековата сексуалност, онака како што се дефинирани од страна на Светската здравствена организација.

Со оглед на тоа дека целта на сеопфатното сексуално образование е стекнување на применливи знаења и развивање на вештини за живеење во сферата на сексуалноста, како и оформување на ставови и прифаќање вредности за идентитетот, за врските, за интимноста и за секуалноста во целина, *Рамката* предлага курикулум од седум теми кој ја одразува потребата за реализација на континуирана едукација низ холистички пристап.

Врз основа на документот наменет за едукатори и креатори на политики, објавена од страна на Светската задравствена организација под називот „Стандарди за сексуално образование во Европа“[5] членовите на работна група кои ја изработуваа *Рамката* дефинираа седум теми од кои треба да се состои курикулумот за сеопфатно сексуално образование[6].

Врз основа на вака дефиниранитре компоненти и елементите од кои секоја од нив се состои, изработени се два прирачника наменети за реализаторите на настава од областа на сексуалното и репродуктивно здравје, за ученици од широк возрасен опсег, меѓу 7 и 18 години. Едниот е прирачник за врснички едукатори кои поминале супервизирана обука организирана од страна на ХЕРА и се сертфицирани за спроведување едукативни сесии со млади луѓе[7], а другиот е наменет за наставници од основното образование кои сакаат да реализираат настава од сферата на сексуалното и репродуктивно здравје, проширувајќи ја постоечката програма за Образование за животни вештини од прво до деветто одделение[8]. Со

[4] Седумте теми дефинирани со Рамката за сеопфатно сексуално образование од 2010, обезбедуваат широко покривање на содржините кои е неопходно да се изучуваат во континуитет, според современ интерактивен и партиципаторен пристап, а приспособено на возраста на учениците. Компонентите се дефинирани како: 1. Сексуално и репродуктивно здравје, 2. Род, 3. Граѓански аспекти, 4. Задоволство, 5. Насилство, 6. Врски и односи и 7. Различност.

[5] https://www.oif.ac.at/fileadmin/OEIF/andere_Publikationen/WHO_BZgA_Standards.pdf
Деталите може да се видат во Рамката за сеопфатно сексуално образование достапна на:http://hera.org.mk/wp-content/uploads/2013/09/ramka_SO_MKD.pdf

[7]Прирачникот е достапен на http://hera.org.mk/wp-content/uploads/2015/10/priracnik-vrsnicka-edukacija.pdf

[8]Прирачникот е достапен наhttp://hera.org.mk/wp-content/uploads/2014/12/Priracnik-za-nastavnici.pdf

помош на двата прирачника, до сега се реализирани 44 неформални обуки одржани од врснички едукатори, а на кои учествувале 816 млади лица, од кои 19 во младинските центри а 25 на вонкурикуларна настава во 7 основни и 5 средни училишта, како и 8 неформални обуки на кои присуствувале 64 млади лица, во 2 основни училишта, одржани од наставници кои доброволно пристапиле на спроведување на програмата. Евалуацијата на ефектите врз учесниците од учеството во наставата од областа на сексуалното и репродуктивно здравје, покажува дека младите не само што знаат повеќе, туку и стекнуваат поафирмативен став за важни области од овaa сфера како резултат на ова искуство[9].

Неколкугодишното искуство во спроведување на програмата за сеопфатно сексуално образование која ги опфаќаше наведените содржински компоненти, како и најновите препораки дефинирани во „Меѓународниот технички водич за сексуално образование“ испорачани од UNESCO, во соработка со UNAIDS, UNFPA, UNICEF, UN WOMEN и WHO, ја наметна потребата од проширување и ревидирање на темите и тематските подрачја кои до сега беа користени. Така, новата структура на програмата произлезе од анализата на нови идејни решенија за сеопфатни наставни програми предложени во водичот, кои спирално се реализираат во 4 возрасни циклуси, како и од посочените потреби за подобрување на досегашниот курикулум, со цел да се обезбеди квалитено, инклузивно и современо образование за сексуално и репродуктивно здравје за младите.

Додавањето нови содржини и прецизното формулирање на компетенциите кои учесниците во наставата би требало да ги стекнат низ едукацијата (знаења, ставови, вредности и вештини), резултираа со следниов предлог на составни компоненти на програмата за сеопфатно сексуално образование во Република Македонија:

[9]Кус осврт кон резултатите од евалуациите може да се најде на https://hera.org.mk/seopfatno-seksualno-obrazovanie-funkcionira-mk/

| | Компонента | Програмски подрачја |
|---|---|---|
| 1. | РОД | Социјално конструирање на родот<br>Родови стереотипи и родова еднаквост |
| 2. | ВРСКИ И ОДНОСИ | Пријателски и љубовни врски во адолесценција<br>Брачни врски и долготрајни врски |
| 3. | ТЕЛО И СЛИКА ЗА ТЕЛОТО | Тело и телесен интергитет<br>Тело, репродукција и сексуалност<br>Слика за своето тело<br>Медиумите, родот и иделите за физичка привлечност |
| 4. | СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ | Сексуално преносливи инфекции (вклучувајќи ХИВ)<br>Живеење со ХИВ<br>Бременост и контрацепција |
| 5. | СЕКСУАЛНОСТ | Секс, сексуалност и циклусот на сексуалниот живот<br>Сексуално однесување и секуална реакција |
| 6. | НАСИЛСТВО | Насилство и грижа за безбедноста<br>Согласност, приватност и телесен интегритет<br>Безбедно користење на социјалните мрежи |
| 7. | ГРАЃАНСКИ АСПЕКТИ | Вредности и права<br>Сексуалноста и човековите права<br>Сексуална различност и дискриминација |

# ПРЕДЛОГ НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА СЕОПФАТНО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ во РМ

Стручен тим од професори и претставници на Бирото за развој на образованието, формиран и поддржан од ХЕРА изработи целосна структура на предлог наставна програма[10] за ССО, која ги вклучува наставните цели, содржините и компетенциите на учениците, како во поглед на знаењата, така и во поглед на ставовите, вредностите односно вештините за секоја од седумте компоненти. Во овој предлог наставна програма се вклучени и индикаторите за евалуација на секоја од предвидените компетенции, заедно со примери за начинот на кој тие би се мереле. Сите овие елементи се поделени во три возрасни циклуси: прв, од 9 до 11 години, втор, од 12 до 14 години и трет, од 15 до 18 години.

Предлог наставната програма, која беше дискутирана и одобрена од работната група, ги наведува и промените во однесување кај децата и младите кои се очекуваат како исходи од спроведување на квалитетна настава по ССО, а се манифестираат на различни начини низ различните возрасни периоди.

| | Компонента | Очекувано однесување на ученикот/чката |
|---|---|---|
| 1. | РОД | - Ги почитува разликите врз основа на пол, родов и сексуален идентитет<br>- Се залага за родова рамноправност и еднаквост во своето непосредно окружување<br>- Го развива и манифестира својот родов и сексуален идентитет во согласност со автентичните лични потреби/потенцијали |
| 2. | ВРСКИ И ОДНОСИ | - Ги почитува различните облици на врски/семејства во кои луѓето живеат, како и нивните избори за тоа дали, кога и колку деца ќе имаат<br>- Развива одговорност кон луѓето со кои е во различни видови на врски<br>- Ги комуницира и уважува своите потреби во врските и ги уважува потребите на другите<br>- Гради врски втемелени на еднаквост, взаемна почит, љубов и поддршка |

Целосно разработениот предлог наставна програма е достапна во Бирото за развој на образованието

| | | |
|---|---|---|
| 3. | ТЕЛО И СЛИКА ЗА ТЕЛОТО | - Го почитува туѓиот и својот телесен интегритет и приватност<br>- Ги почитува телесните разлики меѓу луѓето<br>- Го прифаќа својот телесен изглед и покажува критички однос кон нереалистичните идеали за физички изглед |
| 4. | СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ | - Врз основа на информации засновани на потврдени научни сознанија, презема соодветни активности за заштита на своето здравје од СПИ и/или непланирана бременост<br>- Користи превентивни мерки за заштита на своето сексуално и репродуктивно здравје<br>- Во случај на потреба, се обраќа до соодветни институции/лица за обезбедување здравствена заштита и превенција<br>- Манифестира поддршка кон лицата кои имаат потреба од лекување на СПИ<br>- Манифестира разбирање за девојките/жените во врска со нивните лични одлуки за раѓање односно прекинување на бременоста |
| 5. | СЕКСУАЛНОСТ | - Носи соодветни одлуки за своето сексуално однесување, имајќи ги предвид сопствените потреби како и превенцијата на СПИ и непланирана бременост<br>- Ја прифаќа сексуалноста како природна и нормална<br>- Прифаќа дека еднаквоста помеѓу партнерите е предуслов за взаемно задоволство<br>- Прифаќа дека постојат варијации на вредности и норми во културата на окружувањето кои го регулираат сексуалното однесување |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | НАСИЛСТВО | - Во интеракциите со другите луѓе, вклучувајќи го/и интимниот/те партнер/и, не користи насилство за да доминира или да постигне одредена цел<br>- Го почитува својот и туѓиот телесен интегритет водејќи се од начелото на барање согласност и почитување на истата<br>- Се залага за превенција и се бори против сите форми на сексуално насилство, особено насилство врз девојчиња и жени<br>- Се штити од насилство при користење на информациските и комуникациските технологии |
| 7. | ГРАЃАНСКИ АСПЕКТИ | - Ги почитува туѓите сексуални и репродуктивни права и бара почитување и заштита на сопствените<br>- Поддржува социјален активизам во насока на унапредување на сексуалните и репродуктивните права<br>- Прифаќа дека има луѓе во општеството кои се особено ранливи од кршењето на човековите права и дека ним им е потребна дополнителна поддршка<br>- Прифаќа дека правото на сексуален идентитет, вклучувајќи ја сексуалната ориентација е неотуѓиво човеково право |

# ЕВАЛУАЦИЈА НА МОЖНИТЕ МОДЕЛИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ССО

Поаѓајќи од актуелниот наставен план за деветгодишното основно образование и наставните програми врз основа на кои се реализира наставата во основните училишта, работната група разгледа пет можни модели за воведување на Сеопфатното сексуално образование во училиштата: задолжителен наставен предмет, изборен наставен предмет, интегриран модел во Биологија, Граѓанско образование и Унапредување на здравјето, воннаставна активност и реализација во рамките на програмата за Образование за животни вештини.

Работната група, на дводневен состанок ги дискутираше предностите и предизвиците на секој од петте наведени модели. Потоа, врз основа на понуден образец, низ групна работа, секој од моделите беше евалуиран со доделување на оценки за релевантни аспекти.

Искуствата од другите земји каде се спроведува ССО укажуваат на тоа дека не секој модел е еднакво ефикасен, како и тоа дека успехот во имплементацијата и постигнатите ефекти зависат од многу фактори, меѓу кои особено важни се прифаќањето од страна на заедницата, обуката на кадар и неговата мотивираност.

Индикаторите (аспектите) според кои се мереше соодветноста на моделот беа во врска со тоа колкава е можноста истиот може да обезбеди *сеопфатност* на наставната програма, *континуитет* низ развојните периоди, *обука* на кадар кој ќе ја предава програмата, можност за *евалуација*, *опфат* на ученици, дали нуди доброволност односно *изборност*, проценка за *прифатливост* на моделот во рамки на пошироката заедница и *мотивација* на кадарот за имплементација на истиот. Оценката на соодветноста на моделот по однос на секој од наведените аспекти се движи од 1 (најмалку соодветен) до 5 (најсоодветен).

### Модел 1: Задолжителен наставен предмет

Воведување на сеопфатното сексуално образование како задолжителен засебен наставен предмет низ сите возрасни циклуси, работната група го оцени со просечна оцена 2,94. Иако моделот беше дискутиран како најсоодветен за обезбедување на сеопфатност, континуитет и можност за евалуација, истиот доби слаби просечни оцени во однос на прифатливост од страна на заедницата,

доброволност во учествувањето, како и од аспект на економичност во однос на потребните средства за имплементација на моделот и можноста за соодветна обука на кадар. Со оглед на тоа дека е нов предмет, за кој кај нас не постои подготовка на наставен кадар за време на нивните студии, воведувањето на предметот како задолжителен ќе создаде акутна потреба од зголемен фонд на часови, нови вработувања или наметнување на темите на постоечкиот кадар, со што би се создал ризик од неквалитетна имплементација.

**Модел 2: Изборен наставен предмет**

Моделот со кој се предлага предметот Сеопфатно сексуално образование да биде изборен наставен предмет беше оценет со просечна оценка од 3.54. Иако овој модел е еден од подобро оценетите, најмногу затоа што може да обезбеди добра сеопфатност, доброволност во однос на учеството на учениците и можност за евалуација, истиот, вака како што е предвиден во актуелните наставни планови, не би обезбедил континуитет. Тој доби и пониски оцени за економичност, прифаќање и обука на кадар од страна на членовите на работната група. Иако не бара зголемен фонд на часови, повторно повлекува потреба од нови вработувања или наметнување на темите на веќе постоечкиот кадар како и претходниот модел.

**Модел 3: Интегрирани содржини во наставните предмети: Биологија, Унапредување на здравјето,Граѓанско образование**

Интегрирањето на содржини од ССО во три различни предмети беше оценето со просечна оценка (2.27) во споредба со другите понудени модели. Иако беше заклучено дека овој модел ќе обезбеди највисоко прифаќање од заедницата, истиот беше оценет како проблематичен затоа што не обезбедува сеопфатност и континуитет, затоа што обуката на кадар ќе треба да се обезбеди за сите наставници кои ги предаваат овие три предмети, а и евалуацијата на програмата е скоро невозможна. Згора на тоа, тој ниту е економичен ниту практичен и не обезбедува доброволност во учествувањето.

**Модел 4: Вонаставна активност**

Овој модел, предлага предметот Сеопфатно сексуално образование да биде реализиран на доброволна основа, како вонаставна активност во училиштата. Тој беше оценет со просечна оценка 3.76.

Иако во работната група постоеше согласност дека овој модел ќе има повисоко прифаќање и доби високи оцени за доброволност, односно за изборност, економичност и можности за обука на кадар, тој беше оценет како несоодветен од аспект на сеопфатност, континуитет и можност за евалуациија. При тоа, треба да се земе предвид и дека Бирото за развој на образованието спроведе евалуација на имплементацијата и ефикасноста на воннаставните активности планирани со Годишните програми за работа на училиштата, по која веројатно ќе следи и нова концепција за вonнаставни активности.

**Модел 5: Програма за образование за животни вештини**

Иако програмата за образование за животни вештини содржи солиден корпус содржини од сферата на СРЗ и СП, кои би требало да се реализираат на начин кој е препорачан од сите споменати авторитети кои се занимаваат со ССО, моделот кој предлага проширување на програмата за образование за животни вештини беше оценет со просек од 2.24. Моделот беше оценет ниско за речиси сите индикатори и тоа: сеопфатност, континуитет, обука на кадар, можност за евалуација, економичност и практичност, доброволност/изборност, главно заради доегашните искуства во врска со реализацијата на оваа програма[11]. Се дискутираше потребата од обука за сите класни раководители со цел да се постигне квалитетна имплементација на програмата, а како најголем предизвик беше идентификувано тоа што нема гаранција за имплементирање на овие содржини, затоа што реализацијата на темите од оваа програма се прави според избор на наставниците.

Иако евалуацијата на работната група покажа дека од понудените модели, најмногу предности има моделот на воннаставна активност, групата едногласно одлучи дека основните пет модели не се доволно соодветни за интегрирање на сеопфатното сексуално образование во училиштата и дека постои потреба од формулирање на нов модел. Работната група изработи два нови предлога кои се всушност фузија на аспектите проценети како адекватни, од различните модели предложени од Бирото за развој на образование.

[11] "...Во повеќето училишта недоволно или несоодветно се предава граѓанско образование, образование за животни вештини
(ОЖВ)..." - СТРАТЕГИЈА за образованието за 2018-2025 година и Акциски план. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Македонија, 2018. – стр. 36

Двата нови модели беа оценети по истите индикатори како и основните, на кои беа додадени два дополнителни.

### 6. Модифициран модел за задолжителен предмет

Овој модел е видоизменет на постојниот модел задолжителен наставен предмет и беше оценет од групата со средна вредност 3.83. Предложени се промени во однос на оценувањето, врз основа на тоа дека за ваков предмет, каде акцентот на едукацијата е ставен на градење вредности, ставови и вештини преку добивање соодветни информации. Групата едногласно го сподели мислењето дека бројчаното оценување е неприменливо во овој контекст и предложи тоа да се реализира по моделот на описно оценување. Измената е исто така во однос на обуката на кадар, при што се поддржи идејата во првата фаза на имплементација училиштата доброволно да се пријавуваат за реализација на програмата, која ќе биде задолжителен предмет во рамките на училиштето. Овој модел групата процени дека обезбедува одлична сеопфатност, континуитет, опфат на ученици и можност за евалуација, но не е доволно ефикасен од аспект на прифаќање, доброволност за учество од страна на учениците.

### Модел бр. 7 : Модифициран модел за изборен предмет

Овој модел се потпира на изборноста, а измените се состојат во тоа дека за разлика од другите изборни предмети, ССО би требало да не се оценува бројчано, бидејќи неговата цел, освен стекнување знаења, е и учење на вештини и градење на ставови. Предложена е измена на постојниот модел на изборен предмет и во можностите за обука на кадар. Работната група се согласи дека е моментално невозможно да се обезбеди нов обучен кадар, а не е ефикасно да се наметнува предметот на наставниците, па овој модел ја нуди можноста и училиштата, и наставниците и стручните служби доброволно да се пријават за да го предаваат предметот, со што часовите ќе бидат дел од вкупниот фонд на часови (не дополнителни). Моделот обезбедува сеопфатност, можности за релативно успешна обука на кадар кој веќе е вработен во училиштата и негова мотивација, можност за евалуација, доброволност и сходно на тоа, прифаќање. Најсериозни слабости му се делумниот опфат на ученици и дисконтинуитетот заради што се предложени две можности на имплементација по пилотирањето. Оценет е со просечна оценка 4,08, што споредено со просеците од сите останати модели претставува највисока оценка.

## ДЕТАЛЕН ОПИС НА ПРЕДЛОГ МОДЕЛОТ „МОДИФИЦИРАН МОДЕЛ ЗА ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ“ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ССО ВО УЧИЛИШТАТА

ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ – секој ученик во консултација со родителите/старателите избира дали сака да го изучува предметот.

ВОЗРАСТ – можност за избор во сите три развојни периоди од деветгодишното основно образование.

КАДАР – наставници или стручни соработници кои доброволно се пријавиле да го имплементираат.

ОБУКА НА КАДАР: од 35 до 40 часа супервизирана обука и континуирана екстерна поддршка.

ОЦЕНУВАЊЕ: **не се оценува бројчано.**

ГОДИШЕН ФОНД НА ЧАСОВИ: еден час неделно, вкупен фонд на часови годишно - 36.

Минимален број на часови по компоненти од наставната програма: Род – 3, Врски и односи – 2, Тело и слика за телото – 3, Сексуално и репродуктивно здравје (ХИВ, СПИ, Контрацепција) – 4, Сексуалност и сексуално однесување – 2, Насилство – 3, Граѓански аспекти – 3.

ЕВАЛУАЦИЈА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА: екстерна, врз основа на предложени индикатори за знаења, вештини, ставови (дадени во наставната програма).

## ПРЕДЛОГ ЗА ПИЛОТИРАЊЕ [12]

Со оглед на тоа дека моделот број 7 е избран како потенцијално најуспешен, работната група предложи тој да биде пилотиран во најмалку четири училишта (Две во урбана средина, едно во рурална средина и едно училиште каде мнозинство од учениците се од малцинските етнички заедници) кои би се пријавиле доброволно за негова реализација, во деветто одделение. Едно училиште со слични карактеристики ќе служи за компарација на резултатите со останатите.

ВОЗРАСТ – ученици во деветто одделение.

[12] Пилотирање на програмата за ССО може да се изведе во различен обем и сложеност. На пример, во Албанија, пред воведувањето на оваа програма како задолжителна во фромалниот образовен систем, спроведено е пилот истражување за ефектите во траење од само четири дена. Интересно, дури и за вака кус период, станале јасно видливи позитивните ефекти од програмата врз информираноста и ставовите на учениците.

# ПРЕПОРАКИ ОД РАБОТНАТА ГРУПА И БИРОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

1. Министерството за образование и наука да го разгледа и одобри овој документ во кој е предложен нов модел за воведување на сеопфатно сексуално образование и да одобри пилотирање на моделот во избрани четири основни училишта.
2. Бирото за развој на образованието во соработка со ХЕРА да формира група за развивање на материјали за обука на наставен кадар и прирачници за ССО, по понудената наставна програма за целите на пилотирањето.
3. По завршување на пилотирањето и добиените резултати Бирото за развој на образованието во соработка со ХЕРА да формира експертска група која ќе направи стратегија и план за имплементација за целосното интегрирање на сеопфатното сексуално образование во училиштата.
4. МОН во соработка со БРО и ХЕРА да формира експертска група во која ќе се вклучат и останатите релевантни министерства со цел подготовка на стратегија за интеграција на соодветните теми од сеопфатното сексуално образование адаптирани на возраста во предучилишната развојна фаза на младите.

Изготвил:

м-р Жанета Чонтева